Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО

| Примено: | 07.04.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 16 | 124/3 | / | / |

До: Општина Градско, ул. „Александар Македонски“ бр. 70А

Предмет: Барање за дополнување на информација од јавен карактер добиена на 29.03.2021 година

Врска: Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 16-124/2 од 29.03.2021 година

Почитувани,

до Општина Градско како имател на информации од јавен карактер, на ден 23.03.2021 година достави Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено во МЗМП под број I 0306-180/1. Постапувајќи по доставеното барање, Општина Василево достави одговор бр. 16-124/2 од ден 29.03.2021 година.

Во однос на доставените одговори, согласно членот 24 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве молиме да ни доставите одговор на прашањата:

1. Доставете ни информација колку денови имало прекин во водоснабдувањето во последните 5 години? Доставете ни информација одделно по години.
2. Доставете ни информација за извршени зафати за санација на дефекти на водоводната и канализационата мрежа во последните 5 години? Доставете ни информација одделно по години.

Претходно доставените информации со Одговорот бр. 16-124/2 од 29.03.2021 година не ги содржат бараните информации, односно во точката 4 од одговорот не е наведено колку часови во периодот од 90 денови во летниот период има прекини во водоснабдувањето. Дополнително во точката 7 од одговорот не е даден увид во број на санации на дефекти на канализационата мрежа во последните 5 години, додека информацијата за санација на дефекти на водоводната мрежа е изразена во проценти наместо во апсолутен број.

Ве молиме како иматели на информации од јавен карактер, согласно членот 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер да ни ги доставите бараните информации.

Во Скопје, 07.04.2021 година